Бр./Nr 12-2470/1
20 -07- 2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35- та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2779/1 од 15.10.2025 година, против лицето ----------------------, поранешен В.Д. директор на СУГС „--------- ----------"- ---------- со наводи за сомневање за неправилности во работењето, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување, од причина што за предметните наводи ДКСК има постапувано и донесено одлуки од своја надлежност.

Предметот со број 12-2779/1 од 15.10.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 15.10.2025 година, доставена е пријава против лицето --------- --------------, поранешен В.Д. директор на СУГС „--------- ----------"- ---------- во која се изнесени наводи со сомневање за неправилности во работењето, по што е оформен предмет број 12-2779/1 од 15.10.2025 година.

Во пријавата е наведено дека именуваното лице додека ја извршувало функцијата В.Д. директор на погоренаведеното средно училиште, ја злоупотребило својата службена положба и во учебната 2014 година во која како вонреден ученик се стекнало со диплома за завршен IV степен на стручна подготовка за хотелско – туристички техничар во истото училиште, во својство на В.Д. директор се потпишал на неговата диплома за завршено образование, а

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

кое што дејствие за подносителот на пријавата претставува фалсификување на службен документ. Исто така, во пријавата се изнесени наводи и за сторени други незаконитости поврзани со вработувањето на неговата сопруга во истото средно училиште.

По разгледувањето на пријавата, ДКСК констатира дека има постапено по предмети со исти наводи, со број 12-1257/1 од 20.02.2020 година и 09-6182/1 од 22.06.2022 година, се има произнесено за предметниот случај и има донесено одлуки на својата 51-та седница одржана на 31.08.2021 година број 12-1531/4 од 09.09.2021 година и на 74-та седница одржнана на 06.09.2022 година.
Предметните одлуки се објавени на веб страницата на ДКСК, а до подносителот на пријавата е доставено известување за надлежното постапување на ДКСК.

Врз основа на наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изработил: П.Б, советник
Контролиал Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на Сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш, член на ДКСК

Доставено до:
-Подносителот на пријавата